Сите заинтересирани граѓани  со регуларен упат и син картон можат да направат бесплатни прегледи на 09. 03. 2010
во следните установи:
Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје
Завод за нефрологија - Струга
Центар за дијализа при ЈЗУ  Железара - Скопје
Центрите за дијализа во: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Дебар, Кавадарци, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип.

Исто така, бесплатни прегледи ќе се вршат и во следните здравствени домови:

Здравствен дом Берово
Здравствен дом Македонски Брод
Здравствен дом Валандово
Здравствен дом Вевчани
Здравствен дом Виница
Здравствен дом Делчево
Здравствен дом Демир Хисар
Здравствен дом Кратово
Здравствен дом Крушево
Здравствен дом Неготино
Здравствен дом Пехчево
Здравствен дом Пробиштип
Здравствен дом Радовиш
Здравствен дом Ресен
Здравствен дом Ростуше
Здравствен дом Свети Николе
Здравствен дом Кичево
Здравствен дом Охрид

**ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Светски ден на бубрезите
11 Март 2010



# Неверојатни бубрези!

## Заштитете ги Вашите бубрези, контролирајте го дијабетот!




ЗДРУЖЕНИЕТО НА НЕФРОЛОЗИТЕ ПРИ МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА НЕФРОЛОГИЈА, ДИЈАЛИЗА, ТРАНСПЛАНТАЦИЈА И ВЕШТАЧКИ ОРГАНИ

НЕФРОН
ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ

ЗДРУЖЕНИЕ НА БУБРЕЖНО БОЛНИ ГРАЃАНИ “НЕФРОН”

# ДИЈАБЕТЕСОТ Е ЕДНА ОД НАЈЧЕСТИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ХОРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ (ХББ)



• Околу една третина од луѓето со дијабетес развиваат бубрежно заболување.

• Кога бубрезите се оштетени од дијабетесот, тие веќе неможат ефективно да ја извршуваат својата витална функција-филтрирање на непотребните материи и течности во организмот како и продукција на есенцијални хормони како што е еритропоетинот кој ако го нема во организмот се јавува анемија. При нивното оштетување се јавува и висок крвен притисок како и заболувања на коските.

• Во почетните стадиуми хроничната бубрежна болест неможе да се препознае бидејќи симптомите се слабо изразени. Затоа сите пациенти со дијабетес треба редовно да бидат тестирани од својот лекар дали имаат бубрежно оштетување.



• Доколку хроничната бубрежна болест прогредира до краен статиум, пациентот ќе мора да оди на дијализа-вештачко прочистување на крвата или на пак на трансплантација за да добие здрав бубрег.

Светски ден на бубрезите
11 Март 2010





• Луѓето со дијабетес без разлика дали веќе имаат хронична бубрежна болест или не, потребно е да се придружуваат до советите за правилна исхрана, редовно земање терапија како и редовн и физички вежби.

На иницијатива на РЗББГ “НЕФРОН”, а по повод Светскиот ден на бубрегот, Министерството за здравство, на 09. 03. 2010 година организира акција на бесплатно испитување на крвна слика, ниво на гликемија и креатинин во крвта, како превентивна мерка за навремено откривање на можно оштетување на бубрезите.